**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

# ПРОПОЗИЦИИ

за КУП натпреварување во футсал за натпреварувачката
2021/2022 година

Скопје, декември 2021 година

Врз основа на член 110 од Статутот на ФФМ а во врска со член 15 став 2 од Правилникот за натпревари, Одборот за итност на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 31.12.2021 година донесе:

# ПРОПОЗИЦИИ
# ЗА КУП НАТПРЕВАРУВАЊЕ ВО ФУТСАЛ НА ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

### Член 1

Фудбалскиот куп во футсал на ФФМ е редовно натпреварување.

Во фудбалскиот куп во футсал на ФФМ право да учествуваат имаат сите екипи чии клубови се регистрирани согласно Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери за натпреварување во мал фудбал.

Клубовите чии сениорски екипи се вклучени во системот на натпреварување во Прва и Втора футсал лига во Фудбалската Федерација на Македонија задолжително учествуваат во куп натпреварувањето во футсал.

## Организација на натпревар и службени лица

### Член 2

Натпреварите се играат на терени во спортски сали примени од орган на ФФМ согласно Правилникот за инфраструктура и стадиони на ФФМ за одигрување на натпревари во првата и втората лига.

За организација на натпревар во куп натпреварувањето одговорен е клубот домаќин.

Секој клуб домаќин има обврска да ги почитува правилата за организирање на натпревар согласно Правилникот за натпревари на ФФМ, Пропозициите за натпреварување во Прва футсал лига и Протоколот за спроведување на мерки за заштита од "Covid-19", во понатамошниот текст само Протокол.

Клубовите учесници во куп натпреварувањето имаат обврска да се грижат за редот и безбедноста на сите учесници пред, за време и по завршувањето на натпреварот согласно Правилникот за безбедност на ФФМ.

За пропусти во организацијата клубот домаќин одговара согласно одредбите на Правилникот за натпревари , Дисциплинскиот правилник на ФФМ и Пропозициите за натпреварување во Прва футсал лига

### Член 3

Бројот на екипите и начинот на куп натпреварувањето го утврдува Комисијата за футсал на ФФМ.

### Член 4

Службените лица на куп натпреварувањето во футсал ги определуваат Комисијата за футсал и Судискиот одбор на ФФМ.

Службените лица на финалниот куп натпревар ги определуваат Комисијата за футсал, Судискиот одбор на ФФМ и Управниот одбор на ФФМ.

Правата и обврските на службените лица на куп натпреварите се утврдени во Правилникот за натпревари на ФФМ и Пропозициите за Прва футсал лига.

Трошоците за службените лица ги плаќа ФФМ.

### Член 5

Клубот за предметниот натпревар одредува службени лица на клубот (претставник, шеф на стручен штаб,тренер,тренер на голмани,лекар, физиотерапевт итн)

Постапувањето и обврските на службените лица на клубот е регулирано во Правилникот за натпревари на ФФМ и Пропозициите за натпреварување за Прва футсал лига за тековната сезона .

**Право на настап и измени**

**Член 6**

На куп натпревари право на настап имаат фудбалери кои стекнале право на настап согласно Правилникот за регистрации, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ а на денот на натпреварот не се помлади од 17 години во согласност со Протоколот .

Со право на настап се стекнуваат и фудбалерите кои на денот на натпреварот наполниле 16 години и имаат специјален лекарски преглед.

Бројот на фудбалери внесени на записник не може да биде поголем од 14 (четиринаесет) и помал од 5 (пет) фудбалери .

Бројот и правото на настап на фудбалери странци се уредува согласно Пропозициите за натпреварување во соодветната лига.

Секоја екипа настапува со најмногу 5 фудбалери од кои еден е голман.

Натпреварот нема да продолжи доколку за екипата настапуваат помалку од 3 фудбалери.

Фудбалер регистриран да настапува за клуб во мал фудбал (футсал) може да настапува и за клуб во голем фудбал.

Во временски период од 48 часа фудбалерите имаат право да настапат на најмногу 3 (три) полувремиња од кои најмногу две полувремиња за период од 24 часа .

Исклучок од претходниот став претставуваат фудбалерите кои имаат право на настап во натпреварувањето во фудбал за сениори и натпреварување во футсал, во случај да по истекот на 24 часа од настапот во едното натпреварување настапат и во другото натпреварување, фудбалерите имаат право да го одиграат целиот натпревар.

**Член 7**

Секој клуб има право да изврши измена на фудбалерите во игра со останатите фудбалери внесени на записник.

Бројот на замени кои може да се направат за време на натпревар е неограничен (еден фудбалер може да влегува и излегува неограничено).

Измените можат да се прават во секое време од натпреварот(летечки).

Замената влегува на теренот само откако некој играч кој се заменува ќе излезе.

**Опрема**

**Член 8**

Фудбалерите кои настапуваат на своите дресови мора да ги носат броевите под кои се заведени во записникот од натпреварот и истите можат да бидат од 1 до 99.

Дресовите на екипите и судиите мора да се со различна боја.

Во случај да екипите излезат со иста боја на дресови гостинскиот тим е должен бојата на дресови да ја промени.

Гостинската екипа должна е да носи два пара дресови со различна боја. Доколку гостинската екипа не носи два пара дресови или и двете бои на дресовите на одговараат за одигрување на натпреварот, домаќинот е должен на гостинската екипа да и даде на располагање еден пар дресови со различна боја од онаа во која што ќе настапува домашната екипа (во присуство на делегатот на натпреварот)

Дресовите од претходниот став по завршувањето на натпреварот, гостинската екипа е должна да ги врати во онолкав број во кој што ги добила од домашната екипа.

За КУП натпреварите екипите настапуваат со основна задолжителна опрема опишана во Пропозициите за Прва футсал лига за тековната сезона.

**Прекршоци, дисциплински мерки и право на жалба**

**Член 9**

За пропусти,прекршоци и непочитување на обврските поврзани со организација и тек на натпревар за кои е предвидена автоматска казна соодветно се применуваат одредбите на Правилникот за натпревари и Пропозициите за натпреварување во Прва футсал лига за тековната сезона .

Добиените жолти картони во текот на куп натпреварувањето се издржуваат само во куп натпреварувањето.

После секоја трета јавна опомена, фудбалерот и/или службеното лице на клубот последователно ја издржува автоматска казна забрана на играње на еден натпревар на наредниот куп натпревар.

За секоја јавна опомена се плаќа автоматска парична казна.

За дисциплинските прекршоци предвидени во Дисциплинскиот правилник како и непочитување на обврските кои произлегуваат од овие и одредбите на поврзаните пропозиции со ова натпреварување, соодветно се применуваат одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ.

**Член 10**

Автоматските парични казни се изрекуваат за согласно одредбите на Пропозициите за натпреварување во Прва футсал лига за тековната сезона.

Фудбалерите и/или службените лица на клубот кои учествуваат во финалниот куп натпревар имаат право на настап на финалниот куп натпревар независно од бројот на претходно добиените жолти картони.

Добиениот црвен картон важи во првенствените натпревари и во куп натпреварувањето.

**Член 11**

Во врска со постапката, роковите и правото на жалба за КУП натпреварите се применуваат одредбите од Пропозициите за Прва футсал лига за тековната сезона .

**КУП**

**Член 12**

Натпреварувачките парови за КУП натпреварувањето се извлекуваат по пат на ждреб по Бергеров систем пред одигрување на наредниот круг натпревари.

Екипите, броевите ги извлекуваат по азбучен ред.

Домаќин е клубот со помалиот натпреварувачки број.

Екипата која била домаќин во претходно одиграниот круг, станува гостин во наредниот круг на натпревари, независно од позицијата при влечење на натпреварувачкиот пар.

Доколку и двете екипи во натпреварувачкиот пар во претходниот круг биле домаќини или и двете биле гости, екипата извлечена со ждребот како домаќин останува домаќин.

Во случај на откажување од КУП натпреварувањето на екипата која се натпреварува во првенство и се одземаат 3 (три) бода од освоените бодови во првенството.

На екипата која не се натпреварува во тековното првенство во футсал во случај на откажување од КУП натпреварувањето нема да и се дозволи вклучување во КУП натпреварувањето во наредната натпреварувачка сезона.

**Член 13**

Фудбалскиот куп во футсал на ФФМ се игра по следниот редослед:

1.

Натпреварите се играат по еднострук систем односно еден натпревар.

Во случај на нерешен резултат веднаш според Упатството на Меѓународниот БОРД за добивање победник се поминува на изведување пенали за добивање победник кој оди во следниот круг со исклучок на финалниот натпревар каде се игра продолжение од два пати по пет минути а потоа се преминува на изведување на пенали во случај на понатамошен нерешен резултат.

2.

Во натпреварувачката 2021/22, во <u>првиот круг</u> учествуваат :

- екипите кои во тековната сезона се натпреваруваат во втората футсал лига и
- екипите кои не се вклучени во првенственото натпреварување.

Комисијата за футсал го уредува начинот на кој екипите ќе се натпреваруваат во првиот круг.

Шест екипи од првиот круг го продолжуваат натпреварувањето во вториот круг.

3.

Во натпреварувачката 2021/22,во <u>вториот круг</u> (1/8 финале) директно учествуваат десет екипи кои се натпреваруваат во Првата футсал лига и шест екипи од првиот круг.

Се играат вкупно 8 натпревари.

4.

Во <u>третиот круг</u>(1/4 финале) учествуваат победниците од натпреварите во вториот круг.

Се играат вкупно 4 натпревари.

5.

Победниците од четвртфиналните натпревари се пласираат во <u>полуфиналето</u> на Купот;

6.

Во <u>финалето</u> учествуваат победниците од двата полуфинални натпревари.

Домаќин е клубот кој го извлекол помалиот натпреварувачки број.

**Член 14**

Финалниот натпревар се игра во организација на ФФМ.

Управниот одбор на ФФМ на предлог на Комисијата за футсал го одредува местото и времето на одигрување на натпреварот.

**Член 15**

Победникот на финалниот КУП натпревар го освојува пехарот кој останува во трајна сопственост на победникот.

Фудбалерите на двете екипи, стручните штабови, судиите, контролата на судењето, делегатот и мерачот на време од финалниот натпревар, добиваат соодветен медал за учество на финалниот куп натпревар.

**Член 16**

Сите телевизиски и други права од финалниот натпревар ги има Фудбалската Федерација на Македонија.

Доколку финалниот натпревар се игра со публика, приходот од влезниците од финалниот натпревар по одбивање на сите направени трошоци околу организацијата на финалниот натпревар.се дели на три (3) дела, рамноправно на двата клуба финалисти и на ФФМ.

ФФМ може да договори отстапување на организацијата на финалниот куп натпревар на трето лице .

Распределбата на гратис влезници се прави во договор со финалистите.

**Член 17**

Во случај на направена материјална штета од страна на поддржувачи на екипата и/или навивачките групи доколку натпреварот се игра во присуство на публика , штетата целосно ја сноси клубот организатор на навивачките групи односно клубот чии поддржувачи се одговорни за направената штета за што се составува записник на кој присуствуваат овластени лица од ФФМ.

За евентуално несогласување со ваквиот записник, клубот може да побара увид на штетата на лице место со свој претставник.

**Член 18**

За се што не е предвидено со овие Пропозиции  соодветно ке се применуваат одредбите на Правилникот за натпревари на Фудбалската Федерација на Македонија , Пропозициите за футсал (Прва и Втора лига) и останатите применливи прописи на ФФМ.

Толкување на овие Пропозиции дава Управниот Одбор на Фудбалската Федерација на Македонија.

**Член 19**

Овие Пропозиции влегуваат во сила со денот на донесување.

Скопје, 31.12.2021 година